УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

2022

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

# YEARBOOK OF FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

ГОДИНА 2

VOLUME I

GOCE DELCEV UNIVERSITY - STIP

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

ISSN 2671-3969
DOI https://www.doi.org/10.46763/YBFTBL

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА 2022

# YEARBOOK OF FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS 2022

ГОДИНА 2 VOLUME 2

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

# УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
# ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

| ГОДИШЕН ЗБОРНИК НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА | YEARBOOK OF FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS |
| --- | --- |


**За издавачот**
Проф. д-р Татјана Бошков
**For the publisher**
Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D.



| **Издавачки совет** | **Editorial board** |
| --- | --- |
| Проф. д-р Блажо Боев | Prof. Blažo Boev, Ph.D. |
| Проф. д-р Лилјана Колева Гудева | Prof. Liljana Koleva Gudeva, Ph.D. |
| Проф. д-р Мишко Џидров | Prof. Mishko Dzidrov, Ph.D. |
| Проф. д-р Татјана Бошков | Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D. |
| Проф. д-р Наташа Митева | Assis. Prof. Natasha Miteva, PhD. |

| **Редакциски одбор** | **Editorial staff** |
| --- | --- |
| Проф. д-р Татјана Бошков (Р.С. Македонија) | Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D. |
| Проф. д-р Мишко Џидров (Р.С. Македонија) | Prof. Mishko Dzidrov, Ph.D. |
| Доц. д-р Наташа Митева (Р.С. Македонија) | Assis. Prof. Natasha Miteva, PhD. |
| Проф. д-р Никола В. Димитров (Р.С. Македонија) | Prof. Nikola V. Dimitrov, PhD. |
| Проф. д-р Билјана Петревска (Р.С. Македонија) | Prof. Biljana Petrevska, PhD. |
| Проф. д-р Елизабета Митрева (Р.С. Македонија) | Prof. Elizabeta Mitreva, PhD. |
| Проф. д-р Златко Јаковлев (Р.С. Македонија) | Prof. Zlatko Jakovlev, PhD. |
| Проф. д-р Цане Котески (Р.С. Македонија) | Prof. Cane Koteski, PhD. |
| Проф. д-р Драшко Атанасоски (Р.С. Македонија) | Prof. Drasko Atanasoski, PhD. |
| Проф. д-р Мичо Апостолов (Р.С. Македонија) | Prof. Mico Apostolov, PhD. |
| Проф. д-р Александра Жежова (Р.С. Македонија) | Prof. Aleksandra Zezova, PhD. |
| Проф. д-р Зоран Темелков (Р.С. Македонија) | Prof. Zoran Temelkov, PhD. |
| Проф. д-р Марија Магдинчева-Шопова (Р.С. Македонија) | Prof. Marija Magdinceva-Shopova, PhD. |
| Проф. д-р Тања Ангелкова Петкова(Р.С. Македонија) | Prof. Tanja Angelkova Petkova, PhD. |
| Проф. д-р Дејан Методијески (Р.С. Македонија) | Prof. Dejan Metodijeski, PhD. |
| Проф. д-р Мимоза Серафимова (Р.С. Македонија) | Prof. Mimoza Serafimova, PhD. |
| Доц. д-р Душко Јошески (Р.С. Македонија) | Assis. Prof. Dushko Joseski, PhD. |
| Доц. д-р Оливер Филипоски (Р.С. Македонија) | Assis. Prof. Oliver Filiposki, PhD. |
| Доц. д-р Владимир Китанов (Р.С. Македонија) | Assis. Prof. Vladimir Kitanov, PhD. |
| Доц. д-р Анета Стојановска-Стефанова (Р.С. Македонија) | Assis. Prof. Aneta Stojanovska-Stefanova, PhD. |
| Доц. д-р Душица Попова (Р.С. Македонија) | Assis. Prof. Dushica Popova, PhD. |
| Доц. д-р Цветанка Ристова Магловска (Р.С. Македонија) | Assis. Prof. Cvetanka Ristova Maglovska, PhD. |
| Д-р Билјана Цоневска Гуњовска (Р.С. Македонија) | Biljana Conevska Gunjovska, PhD |
| Доц.д-р Христина Серафимовска (Р.С. Македонија) | Assis. Prof. Hristina Serafimovska, PhD |
| Проф.д-р Слаџана Стојановска (Р.С. Македонија) | Prof. Sladzana Stojanovska, PhD |
| Проф.д-р Глигор Бишев (Р.С. Македонија) | Prof. Gligor Bishev, PhD |
| Доц.д-р Васко Шутаров (Р.С. Македонија) | Assist. Prof. Vasko Shutarov, PhD |
| Проф.д-р Мадалина Теодора Андреи (Романија) | Prof. Madalina teoora Andrei, PhD |
| Проф.д-р Соња Кироса (Шпанија) | Prof. Sonja Kirosa, PhD |
| Проф.д-р Серџо Чипола (Италија) | Prof. Serdzo Chipola, PhD |
| Проф.д-р Ализа Флејшер (Израел) | Prof. Aliza Flejsher, PhD |
| Проф.д-р Ноам Шовал (Израел) | Prof. Noam Shoval, PhD |
| Проф.д-р Нуриа Елиса Морере Молинеро (Шпанија) | Prof. Nuria Elisa Morere Molinero, PhD |
| Проф.д-р Николас Хурвулиадес (Грција) | Prof. Nicolas Hourvouliades, PhD |
| Проф.д-р Донила Пипа (Албанија) | Prof. Donila Pipa, PhD |
| Проф.д-р Мохамед Фуад (Египет) | Prof. Mohamed Fuad, PhD |
| Проф.д-р Францис Вериза (Мадагаскар) | Prof. Francis Veriza, PhD |


## GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
## FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

| | |
|---|---|
| Проф.д-р Октавиан Сербан (Романија) | Prof. Oktavian Serban, PhD |
| Проф.д-р Сабина Георги (Романија) | Prof. Sabina Georgi, PhD |
| Проф.д-р Озгур Јерли (Турција) | Prof. Ozgur Jerli, PhD |
| Доц.д-р Жарко Рaџеновиќ (Србија) | Assis. Prof. Zarko Radzenovik, PhD |
| Проф.д-р Дарко Димитровски (Србија) | Prof. Darko Dimitrovski, PhD |
| Проф.д-р Драго Цвијановиќ (Србија) | Prof. Drago cvijanovik, PhD |
| Проф.д-р Марија Белиј (Србија) | Prof. Marija Belij, PhD |
| Проф.д-р Андреј Мичовиќ (Србија) | Prof. Andrej Michovik, PhD |
| Проф.д-р Серафима Рочкован (Молдавија) | Prof. Serafima Rochkovan, PhD |
| Проф.д-р Стела Дерменџиева (Бугарија) | Prof. Stela Dermendzieva, PhD |
| Проф.д-р Марта Боровска-Стефанска (Полска) | Prof. Marta Borovska Stefanska, PhD |
| Проф.д-р Јулијана Поп (Романија) | Prof Julijana Pop, PhD |
| Проф.д-р Елена Тома (Романија) | Prof. Elena Toma, PhD |
| Проф.д-р Светлана Станкова (Бугарија) | Prof Svetlana Stankova, PhD |
| Проф.д-р Ирина Лазар (Романија) | Prof Irina Lazar, PhD |
| **Уредувачки одбор** | **Editors** |
| Проф. д-р Татјана Бошков – Главен уредник | Prof. Tatjana Boshkov, PhD. – Managing Editor |
| Доц. д-р Наташа Митева – Одговорен уредник | Assis. Prof. Natasha Miteva, PhD. – Editor in chief |
| Доц. д-р Душко Јошески – Уредник | Assis. Prof. Dushko Joseski, PhD. - Editor |
| Доц. д-р Душица Попова – Уредник | Assis. Prof. Dushica Popova, PhD - Editor |
| **Техничко уредување** | **Technical editor** |
| Славе Димитров | Slave Dimitrov |
| **Јазично уредување** | **Language editor** |
| Вангелија Цавкова | Vangelija Cavkova |
| д-р Марија Крстева | Marija Krsteva, PhD. |
| **Редакција и администрација** | **Address of the editorial office** |
| Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип | Goce Delcev University – Stip |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | Faculty of Tourism and Business Logistics |
| ул. „Крсте Мисирков“ бб, п. факс 201, | Krste Misirkov 10-A., PO box 201, |
| 2000 Штип, РС Македонија | 2000 Štip, RN Macedonia |

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

## СОДРЖИНА - CONTENTS


УБЕДУВАЊЕ И МЕНУВАЊЕ СТАВ ВО ПРЕГОВАРАЊЕТО ........ 6

РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ - ЧОВЕКОВО ПРАВО И ОСНОВА ЗА ПРОСПЕРИТЕТЕН И ОДРЖЛИВ СВЕТ ........ 13

ТРЕНДОВИ И ДВИЖЕЊА НА ТРГОВИЈАТА НИЗ ПЕРИОДИ НА РАЗВОЈОТ ........ 21

УЛОГАТА НА МЕНАЏМЕНТОТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСКИ ВО ТУРИЗМОТ ........ 25

DYNAMIC OPTIMAL TAXATION MIRRLEES' APPROACH: A REVIEW ........ 30

APPLICATION OF MATHEMATICAL MODELS IN ECONOMICS ........ 46

ТУРИСТИЧКА ПРОМОЦИЈА НА КУЛТУРНИТЕ ВРЕДНОСТИ ........ 57

ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА И COVID-19 КРИЗАТА ВО ТУРИСТИЧКИОТ СЕКТОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 67

ИСКОРИСТЕНОСТ НА АТРАКТИВНИТЕ МОТИВСКИ ФАКТОРИ ВО ФУНКЦИЈА НА РУРАЛНИОТ ТУРИЗАМ ........ 73

ЕКО-МУЗЕИТЕ - МОЖНОСТИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ТУРИСТИЧКИ СЕКТОР ........ 79

МЕНАЏМЕНТ НА АНИМАЦИЈАТА ВО ТУРИСТИЧКО- УГОСТИТЕЛСКИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ........ 86

ПЕРСПЕКТИВИ ЗА РАЗВОЈ НА СПА И ВЕЛНЕС ТУРИЗАМ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ........ 92

ПЕРСПЕКТИВИ НА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ ВО БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ........ 99

**UDK** 305-055.2(497.7)
342.72/.73(497.7)
**DOI** https://www.doi.org/10.46763/YBFTBL2221013ss

# РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ - ЧОВЕКОВО ПРАВО И ОСНОВА ЗА ПРОСПЕРИТЕТЕН И ОДРЖЛИВ СВЕТ

**Анета Стојановска-Стефанова[1], Марија Магдинчева Шопова[2]**

[1] Доцент, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, e-mail: aneta.stojanovska@ugd.edu.mk
[2]Вонреден професор, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, e-mail:marija.magdinceva@ugd.edu.mk

**Апстракт**

Политиката на родова рамноправност претставува едно од фундаменталните начела на демократијата и општественот поредок. Родовите прашања бараат значајно внимание во глобалната политика, а феминизмот како теорија за меѓународни односи се обидува да ја регулира моќта која произлегува од полот на поединецот или врз основа на негираната природа. Постигнувањето на родовата еднаквост и зајакнувањето на жените е составен дел на Агенда за одржлив развој 2030 на Обединетите нации и таа е е 5-та од 17-те Цели усвоени од светските лидери во 2015 година. Во оваа насока, националните парламенти играат голема и значајна улога во носењето на закони кои уредуваат различни области и прашања, меѓу кои и родовите аспекти.

Трудот прави анализа на меѓународните и домашните акти кои ја гарантираат родовата еднаквост како основно човеково право. Во рамки на трудов, авторите ќе направат осврт на достапните информации за застапеноста и улогата на жените во македонското општество како и на усвоената легислативна рамка за родова еднаквост и рамноправност, врз основа на што на крајот ќе бидат изведени и соодветни заклучоци.

**Клучни зборови:** род, рамноправност, демократија, феминизам, легислатива.

## GENDER EQUALITY - HUMAN RIGHT AND BASIS FOR A PROSPEROUS AND SUSTAINABLE WORLD

**Aneta Stojanovska-Stefanova, Marija Magdinceva Sopova**

**Abstract**

Gender equality policy is one of the fundamental principles of democracy and social order. Gender issues require significant attention in global politics, and feminism as a theory of international relations seeks to regulate the power that arises from the gender of the individual or on the basis of a denied nature. Achieving gender equality and the empowerment of women is an integral part of the United Nations Sustainable Development Goals 2030 and is the 5th of the 17 Goals adopted by world leaders in 2015.

In this regard, national parliaments play large and significant role in passing laws that regulate various areas and issues, including gender aspects.

The paper analyzes international and domestic acts that guarantee gender equality as a basic human right. In the framework of the paper, the authors will review the available information on the representation and role of women in Macedonian society, as well as the adopted legislative framework for gender equality and oneness, on the basis of which appropriate conclusions will be drawn.

**Keywords:** gender, equality, democracy, feminism, legislation.

## 1. Вовед

Меѓународната заедница ја дефинира родовата еднаквост и зајакнувањето на жените како цел само по себе и како средство за промовирање на развојот во целина. „Ограничените придобивки во родовата еднаквост и правата на жените остварени со децении се во опасност да бидат вратени назад поради пандемијата Ковид-19“, рече генералниот секретар на ООН во април 2020 година, повикувајќи ги владите да ги стават жените и девојчињата во центарот на нивните напори за закрепнување[1].

Учеството на жените во политиката е признаено како човеково право чијашто имплементација е важна за глобалниот напредок. Истото на глобално ниво, за првпат е признаено во 1956 г. и е гарантирано во Универзалната декларација за човекови права на ОН во членот 21. Родовата еднаквост не е само основно човеково право, туку и неопходна основа за мирен, просперитетен и одржлив свет.

[1] UN Sustainable Development Goals, Goal 5: Achieve gender equality and empower all women and girls, линк: https://www.un.org/sustainabledevelopment/gender-equality/, последно пристапено 21 јули, 2021

Основањето на Организацијата на Обединетите нации (ООН) и усвојувањето на Општата декларација за правата на човекот на 10 декември 1948 година од страна на Генералното собрание на ООН означи една нова епоха на полето на меѓународно-правното уредување и изгради целосен систем на заштита на човековите права. Генералното собрание на ООН во 1966 година усвои два посебни документа: Меѓународен пакт за граѓански и политички права на човекот и Меѓународен пакт за економско-социјални и културни права и Факултативен Протокол кон Пактот за граѓански и политички права на човекот, кои се одраз на напорите на меѓународната заедница да се воспостави меѓународно-правен систем кој државите ќе го почитуваат. На 4 ноември 1950 година беше донесена Европската конвенцијата за заштита на правата на човекот и основните слободи, со која владите на европските држави ја истакнаа подготвеноста за меѓународно-правна заштита на човековите права. Европскиот систем на заштита за човековите права свое влијание оствари и на Американскиот континент каде во 1969 година, на Конференцијата на Американските држави во Сан Хозе, е донесена и Американската конвенција за правата на човекот[2].

Универзалната декларација за човекови права[3] која е усвоена од Генералното собрание на ОН во 1948 година и денес е основен водечки постулат на меѓународното право за човекови права. Практикувањето на Универзалната декларација за правата на човекот потврди дека овој документ по својата содржина претставува стандард кој е прифатен во најголемиот број земји во светот, а нејзините одредби во најголем дел се имплементирани и во внатрешното право на државите. После неколку децении успешно поставување стандарди, главниот предизвик за човековите права е имплементацијата од страна на државите, односно спроведувањето на преземените определби[4].

Светска Декларација за жени во локалната власт (Worldwide Declaration on Women in Local Government[5]) укажува на потребата да се создадат одржливи, еднакви и демократски локални власти, каде што мажите и жените имаат еднаков пристап до донесувањето на одлуки, еднаков пристап до услугите и рамноправен третман на овие услуги, родовата перспектива мора да биде интегрирана во сите области на политика и управување во локалната самоуправа. Исто така, Европската повелба за еднаквост на мажите и жените во локалниот живот (European Charter for Equality of Women and Men in Local Life[6]) која се однесува на локалните и регионалните влади на Европа ја подвлекува јасната цел, да се направи формална јавна посветеност кон принципот на еднаквост на жените и мажите. Според оваа Повелба „еднаквноста на жените и мажите претставува основно право на сите, и е од суштинско значење за вредноста на секоја демократија, (која) не треба да биде само правно призната, но и ефикасно да се примени на сите аспекти од животот: политичкиот, економскиот, социјалниот и културниот“.

Постигнувањето на родовата еднаквост и зајакнувањето на жените е составен дел на Агенда за одржлив развој 2030 на Обединетите нации и таа е е 5-та од 17-те цели усвоени од светските лидери во 2015 година. Според ООН, забележан е напредок во последните децении во однос на тоа дека повеќе девојчиња одат на училиште, помалку девојчиња се принудени на ран брак, повеќе жените се избрани во парламент и на лидерски позиции, а законите се реформираат во унапредување на родовата еднаквост. Но и покрај овие придобивки, Обединетите нации забележуваат дека остануваат многу предизвици[7].

Исто така, Република Северна Македонија како земја членка на Организацијата на Обединети нации има обврска при планирањето на политиките да се раководи од темелните конвенции за човекови права кои ги има ратификувано и милениумските развојни цели и да ги земе предвид документите усвоени на конференциите на ООН во насока на постигнување на глобално утврдените социјални цели[8].

---

[2] Stojanovska-Stefanova, Aneta and Atanasoski, Drasko and Chacorovski, Zoran (2017) Human Rights as a subject of world politics. US China Law Review, 14 (6). pp. 321-334. ISSN 1548-6605 (Print) 1930-2061 (online).

[3] Универзална Декларација за човекови права на ООН, линк: https://www.ohchr.org/EN/UDHR/Documents/UDHR_Translations/mkj.pdf, последно пристапено на 12 јули, 2021;

[4] Stojanovska-Stefanova, Aneta and Runcheva-Tasev, Hristina (2021), *Современи предизвици за заштита на човековите права.* Правен дијалог (23). pp. 5-13. ISSN 1857-7644;

[5] International Union of Local Authorities, *Worldwide Declaration on Women in Local Government*, линк: http://www.rgre.de/schlagzeilen/resolutionen/iula_declaration_women.htm, последно пристапено на 13 јули, 2021;

[6] Council of European Municipalities and Regions, *European Charter for Equality of Women and Men in Local Life*, достпана на http://www.ccre.org/docs/charte_egalite_en.pdf, последно пристапено на 13 јули, 2021;

[7] Stojanovska-Stefanova, Aneta and Magdinceva Sopova, Marija and Runcheva-Tasev, Hristina (2020), *Empowerment of women: Challenges and opportunities in the modern world.* International scientific conference "Challenges of tourism and business logistics in the 21st century", 3 (3). pp. 119-130. ISSN 978-608-244-779-7.

[8] *Стратегија за родова еднаквост 2013-2020*, линк: https://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/strategija_rodova_april.doc, последно пристапено на 20.07.2021.

Најважните стратегии за постигнување родова рамноправност во меѓународните, националните и институционалните политики се таканаречениот родов „мејнстриминг“ интегрирање на родовата перспектива и родовата анализа. Родовиот мејнстриминг (или „интегрирање на родовата перспектива“) е процес на оценување на импликациите по жените и мажите од секоја планирана активност, без оглед дали се работи за изготвување политики, реформа на законодавството, преструктуирање на институциите, обука или други програми. Тоа е стратегија преку која грижите и искуствата на жените и мажите ќе станат составен дел од осмислувањето, спроведувањето, следењето и оценувањето на политиките и програмите во сите политички, економски и општествени сфери, со цел жените и мажите да имаат подеднаква корист од нив и нерамноправноста да не опстојува и понатаму. Крајната цел на родовиот мејнстриминг е да се постигне родова рамноправност[9].

Во оваа насока, националните парламенти играат голема и значајна улога во носењето на закони кои уредуваат различни области и прашања, меѓу кои и родовите аспекти.

## 2. Обединетите нации поборници за просперитетен и одржлив свет

Родовите прашања бараат значајно внимание во глобалната политика, а феминизмот како теорија за меѓународни односи се обидува да ја регулира моќта која произлегува од полот на поединецот или врз основа на негираната природа. Феминистите најмногу се заинтересирани за следење на политичките и општествените случувања кои го попречуваат успехот кај женската популација. Кога системите на моќ суптилно или отворено поставуваат ограничувања за жените, тогаш тие ограничувања стануваат општествени норми и го овековечуваат циклусот на негација на женските права. Значењето на феминизмот во меѓународните односи е потврдено со улогата на жените во промовирањето на поправедни политики за меѓународни односи.

Феминизмот го поддржува предлогот дека жените треба да се трансформираат себе си и светот[10].

Во насока на промоција на родовата еднаквост и Обединетите нации формираа дел наречен ОН жени (*UN Women*) кој е посветен на зајакнувањето на улогата на жените.

*UN Women* беше формирана со цел да го забрза напредокот во исполнувањето на женските права и потреби ширум светот. UN Women (ОН Жени) ги поддржуваат земјите-членки на ОН за поставување глобални стандарди за постигнување на родовата еднаквост и соработуваат со владите и со граѓанското општество за да дизајнираат закони, политики, програми и услуги потребни за да се обезбеди ефикасно спроведување на замислените цели од кои навистина би имале полза жените и девојките низ целиот свет. ОН работи на глобално ниво за да ја оствари визијата за Целите за одржлив развој на жените и девојките и стои зад заложбата за рамноправно учество на жените во сите аспекти на животот.

UN Women, исто така, ја координираат и промовираат работата на системот на ОН во унапредувањето на родовата еднаквост и во сите размислувања и договори поврзани со Агендата 2030 година. Ова тело работи да ја позиционира родовата еднаквост како фундаментална вредност кај Целите на одржливиот развој и за поинклузивен свет[11].

Целта број 5 (пет) е насочена на постигнување родова еднаквост и еманципација на девојчињата, на укинување на сите форми на дискриминација против жените и девојчињата. Оваа цел во својот фокус ја има и елиминацијата на сите форми на насилство врз жени и девојчиња, елиминација на трговијата со луѓе, вклучително и присилни бракови со деца. Целта број 5 побарува и политки за целосно и ефективно учество на жените и еднакви можности за лидерство на сите нивоа при носење одлуки кои се однесуваат на политичкиот, економскиот и јавниот живот[12].

Целите за одржлив развој денес претставуваа глобален повик за акција на државите со цел да се усвојат и применат здрави политики и да се донесат акти за подобрување на родовата еднаквост и еманципација на сите жени и девојки. Едновремено, тие се и предизвик за акција чија крајна цел е да се заштити животната средина, да се спречат климатските промени, но и да се стави крај на сиромаштијата и да се создадат предуслови за сите луѓе на планетата да живеат во мир и просперитет.

---

[9] DCAF, OSCE/ODIHR, UN Women (2019) *“Border Management and Gender”*, in Gender and Security Toolkit, Geneva: DCAF, OSCE/ODIHR, UN Women, линк: https://www.seesac.org/f/docs/Gender-and-Security/Border-Management-and-Gender_1_2.pdf, последно пристапено на 18 јули, 2021.

[10] Ackerly, B., Stern, M., & True, J. (Eds.). (2006). Feminist Methodologies for International Relations. Cambridge: Cambridge University Press. doi:10.1017/CBO9780511617690.

[11] Повеќе на: Обединети нации, линк: http://www.unwomen.org/en/about-us/about-un-women, пристапено на 20.04.2019.

[12] Повеќе на Обединети Нации Северна Македонија, линк:http://northmacedonia.un.org/mk/sdgs/5, пристапено на 12.04.2022

## 3. Родовата еднаквост во земјата

Политиката на родова рамноправност претставува едно од фундаменталните начела на демократијата и општествениот поредок. Со член 9 од Уставот на Републиката[13] се предвидува дека „граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба“.

Со ова, родовата рамноправност во нашата држава е загарантирана со Уставот, како фундаментално човеково право и претставува една од најважните цели и приоритети за државата. Според Европската повелба за еднаквост, рамноправното учество на мажите и жените при донесување на одлуки претставува предуслов за демократско општество.

Правото на еднаквост помеѓу половите, бара локалните и регионалните власти да ги превземат сите соодветни стратегии, со цел да се промовира балансирана застапеност и учество на мажите и жените во сите области на одлучувањето[14].

Родовата еднаквост, значи дека различните однесувања, аспирации, потреби на жените и мажите се почитувани, земени предвид, вреднувани и подеднакво потпомогнати. Тоа значи дека нивните права, одговорности и можности нема да зависат од тоа дали тие се родени како маж или како жена. Таа е заснована на принципите на човековите права и социјалната правда. Јасно е дека родовата еднаквост и зајакнувањето на жените се суштински за упатување кон главната грижа на сиромаштијата и несигурноста и за достигнување на одржлив развој со човекот како центар[15].

Постигнувањето на вистинска рамноправност меѓу родовите и справувањето со нееднаквостите претставува грижа за целата држава, а тоа значи отстранување на сите бариери и пречки во обезбедувањето на услови за постигнување на целосна еднаквост меѓу жените и мажите.

Принципот за родова еднаквост ја потврдува идејата дека човековите права не може да се остварат без обезбедување на комплетни и еднакви права, одговорности и можности на жените и мажите.

Застапеноста на нееднаквоста претставува резултат на социјалниот менталитет наметнат поради бројни стереотипи присутни во рамките на семејството, образованието, културата, медиумите, работната средина, организацијата на општеството.

Во оваа насока, во 1999 година Владата го усвои Националниот план за акција за полова рамноправност. Во 2005 година е формиран Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе. Во 2006 година е донесен Законот за еднакви можности на жените и мажите, со што започна процесот на формирање механизми за воспоставување еднакви можности на жените и мажите на централно и локално ниво. Исто така, направени се и измени во изборните закони, преку кои се овозможи зголемување на бројот на жените застапени во Парламентот и во Советите во единиците на локалната самоуправа. Беше донесен и вториот Национален план за акција за родова рамноправност 2007 - 2012, а потоа и Националната стратегија за родова еднаквост, која е стратешки документ со цел унапредување на еднаквите можности на жените и мажите во севкупното општествено живеење во Република Македонија за периодот 2013 - 2020 година.

Формирана е Комисијата за еднакви можности на жените и мажите во Собранието на Република Македонија. Именувани се координатори за еднакви можности на жените и мажите во министерствата и во локалните самоуправи. Покрај собраниската Комисија за еднакви можности, единиците на локалната самоуправа се исто така обврзани да формираат свои комисии за еднакви можности.

Во Стратегија за родова еднаквост 2013 - 2020 наведено е дека практичната имплементација на концептот на воспоставување на еднаквите можности започна уште во 1999 година, кога Република Македонија го усвои својот прв Национален план за акција за полова рамноправност. Истиот се однесуваше на унапредувањето на родовата рамноправност во десет стратешки области.

Следејќи ги добрите примери од европските земји и земјите во регионот во делот на родовата еднаквост, Собранието на Република Македонија во мај 2006 година го донесе Законот за еднакви можности на жените и мажите. Согласно со истиот, беше усвоен и вториот Националниот план за акција за родова рамноправост за периодот од 2007 до 2012 година. Изминатите години беа посветени на имплементацијата на Законот за еднакви можности и воспоставувањето на механизмите на национално и локално ниво, со цел унапредување на еднаквите можности на жените и мажите.

---

[13] Устав на Република Северна Македонија, линк: https://www.sobranie.mk/content/Odluki%20USTAV/UstavSRSM.pdf, последно пристапено 10 јули, 2021.

[14] Европска Повелба за рамноправност меѓу мажите и жените во локалните заедници, линк: https://www.ccre.org/img/uploads/piecesjointe/filename/charter_egalite_mk.pdf, последно пристапено:18.07.2021.

[15] Стратегија за родова еднаквост 2013-2020, линк: https://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/strategija_rodova_april.doc, последно пристапено на 20.07.2021.

Заради понатамошна хармонизација на нашето законодавство со европските стандарди и вградување на препораките на меѓународните организации, во јануари 2012 година, беше донесен нов Закон за еднакви можности на жените и мажите[16]. Со донесувањето на Законот[17] се доуреди прашањето за воспоставувањето на еднаквите можности и еднаков третман на жените и мажите, се предвиде донесување на основни и посебни мерки за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите, се утврдија правата и обврските на одговорните субјекти за обезбедување на еднакви можности на жените и мажите, како и постапката за утврдување на нееднаков третман на жените и мажите, односно заштита на правата во случај на утврден нееднаков третман на жените и мажите од страна на застапникот за еднакви можности на жените и мажите[18]. Воедно, во Министерството за труд и социјална политика, согласно со Законот за еднакви можности на жените и мажите, постои државен службеник - правен застапник за докажување на нееднаков третман по основа на пол кој е задолжен да води постапка за заштита од дискриминација, врз основа на пол за дејствија преземени од страна на субјекти во јавниот, но и приватниот сектор[19].

Значаен напредок во промовирањето и заштитата на еднаквите можности, преку еден покомплексен пристап кон овие прашања, дополнително се направи со донесувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација[20] кој претставува заокружена правна рамка за заштита од дискриминација по различни основи. Законот има за цел да обезбеди мерки и активности за спречување на дискриминацијата, но воедно, воспоставува соодветни механизми и средства за правна заштита во случај на дискриминација по различни основи. Поради тоа, овој закон претставува особено значаен инструмент во справувањето со двојната и повеќекратна дискриминација со којашто особено се соочуваат жените како резултат на интерсекцијата на родот со другите идентитети[21].

Во Законот за еднакви можности на мажите и жените на сеопфатен начин се третира прашањето на родовата еднаквост и заштитата од дискриминација врз основа на род/пол. Покрај тоа, на ова прашање му се посветува внимание и во низа други закони, особено од областа на кривичното, семејното и работното законодавство, кои ја регулираат забраната за дискриминација во одделни домени и го промовираат принципот на еднаквост.

Родово-сензитивното законодавство е централен дел на вклучувањето на родовите прашања во правниот систем. Тоа се однесува на интегрирање на родовата перспектива во сите компоненти на законодавниот процес, осмислувањето, имплементацијата, следењето и оценката, со цел да се постигне крајната цел на еднаквост помеѓу жените и мажите. Слично на останатите напори за вклучување на родовите аспекти, родово сензитивното законодавство не е цел само по себе, туку средство за постигнување на еднаквост[22].

Во Стратегијата за родова еднаквост се презентирани податоци според проценката на населението на Државниот завод за статистика од 30.6.2011 година, Република Македонија има 2 058 539 жители, а процентуалното учество на жените и на мажите во вкупното население е подеднакво, односно 49,9 % се жени, додека пак 50,1 % се мажи.

Основните податоци укажуваат на поместувања во позитивна насока во областа на родовата еднаквост и еднаквите можности на жените и мажите, но сепак остануваат многу предизвици кога ќе се земат предвид фактите дека вклученоста на женските и машките деца во основното образование е 48 %

---

[16]Со Законот се изврши транспонирање на Директивите на ЕУ: 2000/78/ЕЗ, 2002/73/ЕЗ, 2004/113/ЕЗ.

[17] Закон за еднакви можности на мажите и жените (пречистен текст), линк: https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/2017/precisten%20tekst%202015%20na%20ZEM_nov.pdf, последно пристапено на 15 јули, 2021.

[18] Стратегија за родова еднаквост 2013-2020, линк: https://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/strategija_rodova_april.doc, последно пристапено на 20.07.2021.

[19] Се забранува дискриминација врз основа на пол во јавниот и приватниот сектор во областите на вработувањето и трудот, образованието, социјалната сигурност, културата и спортот, согласно со овој или друг закон.

[20] Закон за спречување и заштита од дискриминација, линк: https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/2019/27,5-Zakon%20za%20zastita%20od%20diskriminacija.pdf, последно пристапено на 16 јули, 2021.

[21] Член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, предвидува дека: „Се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа (во натамошниот текст: дискриминаторска основа)“.

[22] Мисија на ОБСЕ во Скопје, Закони за жени и мажи: практичен водич за родово-сензитивно законодавство, линк: https://www.osce.org/files/f/documents/c/d/424619.pdf, последно пристапено на 18 јули, 2021.

наспрема 52 %, во средното вклученоста на женските деца е 48.23 % наспроти 51.77 % машки и процентот на дипломирани студенти на терциерно ниво е 43.8 % машки наспроти 56.2 % женски[23].

Според податоците од последниот Пописот на населението, домаќинствата и становите во 2002 година, процентот на писменост на возраст 10 и повеќе години по пол е 49 % жени, наспроти 51 % мажи. Работната сила и учеството на пазарот на трудот и понатаму претставуваат предизвици на кои треба многу да се работи, поради ниската стапка на активност кај жените од 44.7 % и на вработеност од 30.9 %. Овие предизвици се јасно нотирани во Стратегија за родова еднаквост 2013-2020.

Еднаквоста меѓу жените и мажите е фундаменталната вредност на Европската Унија. Токму затоа, родовата перспектива е неопходна и во процесите за приближување кон Европската Унија, а развиеното женско претприемништво се смета за доказ за успешноста на една држава во исполнувањето на оваа заложба.

Република Северна Македонија донесе Национална платформа за женско претприемништво која треба да даде поттик за еден вистински баланс во нашето општество, во кое жените од сите националности, жени Македонки, Албанки, Ромки, Турчинки, Бошњачки, Србинки, Влаинки, и сите други жени ќе бидат присутни во сите сфери на претприемништвото, индустријата, иновацијата и бизнисот. Исто така, изработена е и нова Стратегија за родова еднаквост за периодот 2021-2026 година 24 во која еден од стратешките приоритети е зголемувањето на учеството на жените на пазарот на трудот.

Досегашните анализи потврдуваат дека во Северна Македонија сè уште егзистираат големи родови разлики во претприемништвото. Според јавно достапните анализи, женското претприемништво во земјата се движи во границите од 23 % до 29 % во последните години, а по 2013 година со тенденција на намалување, додека незначително зголемување е забележано во 2015 (24.8 %) и 2016 година (24.9 %). Најчесто жените претприемачи се присутни во микро претпријатијата. Резултатите потврдуваат дека индексот за вкупна претприемничка активност на жените во Северна Македонија е најнизок споредено со најголем број земји во регионот.

Затоа, остварувањето на родова еднаквост претставува главна цел и зајакнувањето на механизмите за родова еднаквост и унапредувањето на политиките од родова перспектива се смета дека е можна преку систематска употреба на родово – разделени податоци во процесите на планирање, развој, спроведување и оценка на политики и стратегии во сите области.

Европската повелба за еднаквост меѓу мажите и жените на локално ниво ја препознава важната улога на општината во воспоставување на родовата еднаквост на неколку нивоа со вклучување и подеднакво учество на жените од различни групи во носењето одлуки и креирањето на политиките и буџетите.

Целта на институционализирањето на активностите и мерки за родова рамноправност подразбира обезбедување на услови за воспоставување на еднакви можности за жените и мажите во сите области и сегменти на живеење и работење.

**Заклучок**

Родовата нееднаквост се јавува често како резултат на размислувањата, ставовите и убедувањата наметнати поради бројни стереотипи присутни во рамките на семејството, образованието, културата, медиумите, работната средина, организацијата на општеството, итн. Истовремено, постојат многу области во кои може да се делува со востановување на нов пристап и правење структурни промени.

Правото на еднаквост помеѓу половите, бара локалните и регионалните власти да ги превземат сите соодветни стратегии, со цел да се промовира балансирана застапеност и учевство на мажите и жените во сите области на одлучувањето[25].

Родовата еднаквост е трајна задача на сите општествени чинители. Базичното начело на еднаквост, односно недискриминација, воспоставено со Уставот на Република Северна Македонија, гарантира дека „граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло и верското уверување, имотната и општествената положба, граѓаните се еднакви пред Уставот и законите“. Овие уставни одредби се елаборирани и во повеќе законски акти. Така, во Законот за еднакви можности на мажите и жените, на сеопфатен начин се третира прашањето на родовата еднаквост и заштитата од дискриминација по основа на пол.

---

[23] Стратегија за родова еднаквост 2013-2020, линк: https://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/strategija_rodova_april.doc, последно пристапено на 20.07.2021.

[24] Стратегија за родова еднаквост за периодот 2021-2026 година, линк: https://api.klimatskipromeni.mk/data/rest/file/download/94db77cf7037ed0de3210c9a3ae1efe723f6ec9a79142791b87cd946eb2a5376.pdf, последно пристапено: 22 март, 2022.

[25] Европска Повелба за рамноправност меѓу мажите и жените во локалните заедници, линк: https://www.ccre.org/img/uploads/piecesjointe/filename/charter_egalite_mk.pdf, последно пристапено:18.07.2021.

Родовата еднаквост, значи дека различните однесувања, аспирации, потреби на жените и мажите се почитувани, земени предвид, вреднувани и подеднакво потпомогнати. Тоа значи дека нивните права, одговорности и можности нема да зависат од тоа дали тие се родени како маж или како жена.

Врз основа на изнесеното можеме да заклучиме дека со цел да се интензивира работата, за воведување и подигнување на нивото на родова рамноправност во политиката, потребни се активности кои се насочени кон:

- Еманципирање, одговорност и учество и на жените и на мажите во сите сфери на јавниот и приватниот живот;
- Промоција на човекови права и принципи на недискриминација;
- Зајакнување и вклучување на жената во одлучувачките процеси во заедницата;
- Информирање и подигање на свеста за грижа на жената за сопственото здравје;
- Спроведување на едукативни кампањи за подигнување на свеста особено во руралните области, а во врска со учество на жените во политичкиот живот и во врска со неприфатиливоста на сите форми на насилсво кон жената;
- Јакнење на капацитетите на општинската администрација за воведување на родов пристап во планирањетона проектите;
- Воведување на родово одговорно буџетирање за демонстрирање на јасна волја и конкретни чекори со примена на рактиките и вклучување на родова перспектива во процесот на буџетирање;
- Подигнување на свеста за родово сензитивно образование;
- Вклучување на родовата перспектива во политиките за климатски промени;
- Обезбедување на економска независност и еманципација на жените преку гарантирање дека еднаквоста се почитува на пазарот на труд и во економскиот живот;
- Воведување мерки за спречување на родов јаз меѓу мажите и жените во учеството и одлучувањето, во правата, хонорарите и останатите придобивки.

Политиките и активностите кои би се планирале и спроведувале треба да се спроведуваат на локално, регионално, национално и меѓународно ниво. Истите, би требало да бидат родово сензитивни и би требало да ја имаат предвид законската рамка и социјалната реалност на која се однесуваат, имајќи на ум дека општеството е составено од жени и мажи кои можат да имаат различни потреби.

Родовата рамноправност и во иднина останува силно детерминирана од унапредувањето на личната, социјалната, културната, политичката и економската рамноправност кај двата пола.

**Користена литература:**

[1]. Ackerly, B., Stern, M., & True, J. (Eds.) (2006), Feminist Methodologies for International Relations. Cambridge: Cambridge University Press. doi:10.1017/CBO9780511617690;

[2]. Council of European Municipalities and Regions, *European Charter for Equality of Women and Men in Local Life*, достпана на http://www.ccre.org/docs/charte_egalite_en.pdf, последно пристапено на 13 јули, 2021;

[3]. DCAF, OSCE/ODIHR, UN Women (2019) *"Border Management and Gender"*, in Gender and Security Toolkit, Geneva: DCAF, OSCE/ODIHR, UN Women, линк: https://www.seesac.org/f/docs/Gender-and-Security/Border-Management-and-Gender_1_2.pdf, последно пристапено на 18 јули, 2021;

[4]. International Union of Local Authorities, *Worldwide Declaration on Women in Local Government*, линк: http://www.rgre.de/schlagzeilen/resolutionen/iula_declaration_women.htm, последно пристапено на 13 јули, 2021;

[5]. Stojanovska-Stefanova, Aneta and Atanasoski, Drasko and Chacorovski, Zoran (2017), Human Rights as a subject of world politics. US China Law Review, 14 (6). pp. 321-334. ISSN 1548-6605 (Print) 1930-2061 (online);

[6]. Stojanovska-Stefanova, Aneta and Magdinceva Sopova, Marija and Runcheva-Tasev, Hristina (2020), *Empowerment of women: Challenges and opportunities in the modern world.* International scientific conference "Challenges of tourism and business logistics in the 21st century", 3 (3). pp. 119-130. ISSN 978-608-244-779-7;

[7]. Stojanovska-Stefanova, Aneta and Runcheva-Tasev, Hristina (2021), *Современи предизвици за заштита на човековите права.* Правен дијалог (23). pp. 5-13. ISSN 1857-7644;

[8]. UN Sustainable Development Goals, Goal 5: Achieve gender equality and empower all women and girls, линк: https://www.un.org/sustainabledevelopment/gender-equality/, последно пристапено 21 јули, 2021;

[9]. Европска Повелба за рамноправност меѓу мажите и жените во локалните заедници, линк: https://www.ccre.org/img/uploads/piecesjointe/filename/charter_egalite_mk.pdf, последно пристапено:18.07.2021;

[10]. Европска Повелба за рамноправност меѓу мажите и жените во локалните заедници, линк: https://www.ccre.org/img/uploads/piecesjointe/filename/charter_egalite_mk.pdf, последно пристапено:18.07.2021;
[11]. Закон за еднакви можности на мажите и жените (пречистен текст), линк: https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/2017/precisten%20tekst%202015%20na%20ZEM_nov.pdf, последно пристапено на 15 јули, 2021;
[12]. Закон за спречување и заштита од дискриминација, линк: https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/2019/27,5-Zakon%20za%20zastita%20od%20diskriminacija.pdf, последно пристапено на 16 јули, 2021;
[13]. Мисија на ОБСЕ во Скопје, Закони за жени и мажи: практичен водич за родово-сензитивно законодавство, линк: https://www.osce.org/files/f/documents/c/d/424619.pdf, последно пристапено на 18 јули, 2021;
[14]. Обединети нации, линк: http://www.unwomen.org/en/about-us/about-un-women, пристапено на 20.04.2019;
[15]. Обединети Нации Северна Македонија, линк: http://northmacedonia.un.org/mk/sdgs/5, пристапено на 12.04.2022;
[16]. Стратегија за родова еднаквост 2013-2020, линк: https://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/strategija_rodova_april.doc, последно пристапено на 20.07.2021
[17]. Стратегија за родова еднаквост за периодот 2021-2026 година, линк: https://api.klimatskipromeni.mk/data/rest/file/download/94db77cf7037ed0de3210c9a3ae1efe723f6ec9a79142791b87cd946eb2a5376.pdf, последно пристапено: 22 март, 2022;
[18]. Универзална Декларација за човекови права на ООН, линк: https://www.ohchr.org/EN/UDHR/Documents/UDHR_Translations/mkj.pdf, последно пристапено на 12 јули, 2021;
[19]. Устав на Република Северна Македонија, линк: https://www.sobranie.mk/content/Odluki%20USTAV/UstavSRSM.pdf, последно пристапено 10 јули, 2021.